Врз основа на член 23 став 1 алинеја 3 од Статутот на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, Извршниот одбор на Сојузот на седницата одржана на 17.12.2025 год. утврди

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Сојузот на здруженија на пензионерите на Македонија, за 2026 година**

Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија (во натамошниот текст: Сојузот) Програмата за работа ја заснова на целите и задачите утврдени во членот 11 од Статутот на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија. Програмата за работа содржи и активности кои се започнати во 2025 година, извршување на редовните активности кои произлегуваат од дејноста на Сојузот како и активности кои ќе се наметнат со својата актуелност.

## 1. ЗАКОНСКИ РАМКИ СПОРЕД КОИ СЕ ПОДГОТВУВА ПРОГРАМАТА

- Закон за здруженија и фондации
- Статут на Сојузот
- Значајни заклучоци од Собранието на Сојузот.

## 2. НАЧИН И МЕТОДОЛОГИЈА НА ПОДГОТВУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

-Изборната Програма на Сојузот за мандатен период 2023-2027 година
-Предлози од здруженија на пензионери дадени на одржаните работни средби, во 2025 година
- Предлози од работните тела на Извршниот одбор
- Мислења од Советот за социјална сигурност на старите лица
- Предлози од здруженија на граѓани со кои соработува Сојузот.

## 3. ЦЕЛНА ГРУПА

**Целна група на оваа програма се корисници на старосна, семејна и инвалидска пензија, членови на одделни здруженија на пензионери - членки на Сојузот.**
Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија како невладина непартиска и мултиетничка асоцијација е самостоен во организирањето и остварувањето на целите, интересите и дејностите на здруженијата на пензионерите на Македонија - членки на Сојузот. Во 2026 година вкупниот број членови во здруженијата на пензионери изнесува над 290 000 поради што здруженијата на пензионери ги прави посебна категорија на граѓанска организација со огромен број членство, распоредени во 53 пензионерски здруженија. Оттука и Програмата на Сојузот е значаен документ кој има цел да ги опфати целите и интересите на своите членки и нивните права и обврски. Претставниците на здруженијата непосредно учествуваат во донесување на одлуките од страна на сојузните органи кои детерминанти го одредуваат и карактерот на Сојузот.
Со Статутот на Сојузот е утврдено дека здруженијата на пензионери се самостојни правни лица кои се здружени да ги заштитат и унапредат интересите и плановите на возрасната популација за натамошно унапредување на пензионерското организирање. **Основни постулати на програмата се: остварливост, промоција, одговорност, оптимизација дополнета со транспарентност, вистина, отчетност, независност и одговорност.**
За да се исполнат споменатите постулати Сојузот треба интензивно да соработува со здруженијата и заедно да се грижат за пензионерите, пред сѐ со зајакнување на духот на заедништво, хомогенизација, особено со здруженија кои во својот состав имаат огранок-општина, со цел да не се формираат мали здруженија што не е во интерес на корисниците на пензија. Сето тоа може да се постигне со доследно почитување на статутарните норми и другите позитивни прописи за да се заштитат профилот, односно статусот на здруженијата на

пензионерите и Сојузот како граѓански организации **со заложби да се спречи политичка инструментализација на Сојузот и ЗП.**
Во 2025 година, како претходна календарска година, заради протести на одредена група пензионери нè научи да бидеме посилни и да го чуваме НАШЕТО пензионерско организирање кое егзистира скоро 80 години, односно да ја чуваме организациската поставеност на Сојузот и здруженијата на пензионерите како и солидарниот фонд (посмртна помош и членарина) **придобивка на нашите ентузијасти-пензионери кои го изградиле со добра желба да си помагаме едни на други**.
**2026 година, како ИЗБОРНА ГОДИНА ВО ЗП уште повеќе ќе нè стимулира да бидеме постаменти и силно да застанеме пред предизвикот на негативните процеси кои се со цел да го растурат пензионерското организирање и затоа ние треба да бидеме генерација која нема да дозволиме тоа да се случи.**
Ќе ги следиме позитивните процеси на европските сојузи за зајакнување на меѓугенерациската соработка со настојување и заложба како граѓански организации, надлежните органи да го чујат нашето мислење по законски проекти кои се однесуваат на пензионерите, бидејќи не треба да се **ОДЛУЧУВА ЗА НАС, БЕЗ НАС.**
Во овие услови на дејствување Сојузот и здруженијата треба да го приспособат и да имаат разбирање за општествено економското милје во кое живееме и со нашето искуство и знаење да помогнеме на помладите бидејќи во постарите е знаењето и искуството, а заедно сме посилни.
2026 година ќе ја пречекаме со редовна исплата на пензиите преку Фондот на ПИОМ иако тој се соочуваше со одреден дефицит, но затоа Фондот користејќи **го законското решение (член 241 од ЗПИО) недостигот на средствата ќе го обезбедува од Буџетот на РСМ и на пензионерите секој месец на нивните сметки како и до сега ќе стигнуваат пензиските примања.**

**НОСИТЕЛИ**

Носители на активностите е СЗПМ, Извршниот одбор и сите избрани работни тела во соработка со здруженијата на пензионери.

**4. АКТИВНОСТИ**

**ПРОГЛАСУВАЊЕ НА 2026 ГОДИНА ЗА ГОДИНА НА ЈУБИЛЕЈ**

Да се оствари одбележување на 80 години од постоење на една граѓанска организација како што е Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е голем успех и за почит бидејќи тоа значи дека пензионерите по пензионирањето не се пензионираат и од општеството туку продолжуваат да се активни чинители во семејството и општеството во целина. Тоа им го овозможувале здруженијата и Сојузот како граѓански организации.
Во текот на 2026 година со одбележување на 80-годишниот јубилеј ќе се презентира постигнатиот резултат и идните планови за развој и дејствување на Сојузот и здруженијата преку прикажување на постигнатите резултати. Јубилеј, по дефиниција покрај постигнатите резултати претставува и радост, песна и музика за сите членови пензионери. Значењето на 80-те години постоење на Сојузот и покрај возраста конзистентно и упорно заедно со своите членки – ЗП, ги штити интересите на пензионерите.
Рок: Прво полугодие

**ИЗРАБОТКА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ НА МАКЕДОНИЈА**

Основна обврска на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија е да подготви Извештај на Сојузот и на работните тела, каде што ќе биде прикажана целокупната работа, односно активност на Сојузот за 2025 година. Годишниот извештај го донесува Собранието на Сојузот и истиот ќе биде доставен до Владата, односно до Комисијата за следење на

работата на организациите од јавен карактер, како што е Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија со своите 53 членки како шеста граѓанска организација со статус од јавен карактер.
**Рок:** Прво тримесечје

**ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА СО ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ ВО 2025 ГОДИНА**
Во годишната сметка на СЗПМ ќе бидат дадени остварените приходи и расходи за 2025 година и завршната сметка ќе ги содржи истите прегледи што ги содржи финансискиот план на СЗПМ. Ќе бидат презентирани (реализираните) приходи и извршените расходи споредени со проекциите на приходите и расходите. Таа ќе содржи анализа на вкупното работење на Сојузот за 2025 година, во однос на 2024 година со потребно кратко образложение.
**Рок:** Прво тримесечје

**СЛЕДЕЊЕ НА ПРАВАТА ОД ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ**
Заштита на стекнатите права од ПИО, редовна исплата на пензиите и нивно усогласување согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување, поддршка на мерки за подобрување на животниот стандард на пензионерите со ниски пензиски примања, како и поразвиена социјална интеграција на пензионерите во сите сфери на општественото живеење. Ќе продолжат активностите за остварување на правото - тековното усогласување да се остварува од 1 јануари и 1 јуни во тековната година без да се скратуваат 4 месеци од тековното усогласување. Исто така, ќе продолжат активностите со предлози од Сојузот (повторно) за заштита на пензионерите со пониски пензии (дегресивно усогласување) и сет на мерки надвор од пензискиот систем - субвенции за сместување во старски домови, сместување на пензионери со ниски пензии во непополнети пензионерски домови по државни цени, плаќање сметки, поволности во плаќање сметки за струја, бесплатни инвертери, еднократни давања и др.
**Рок:** Во текот на годината

**НАТАМОШНО СЛЕДЕЊЕ НА УНАПРЕДУВАЊЕТО НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА**
Корисници на пензија кои имаа пензија до 18.000 денари се ослободени од болничка партиципација. Сојузот неколку пати поднесува барање тој лимит да се зголеми до 25.000 денари бидејќи со зголемување на пензиите за 5.000 денари нема ниеден пензионер што користи ослободување од болничка партиципација. Сојузот ќе го следи ова барање и благовремено ќе бидат известени пензионерите. Несомнено е дека ова право позитивно се одразува на материјалниот статус на корисниците на пензија и услов за помирен и поудобен пензионерски живот.
Меѓутоа, постојано има и други области каде што може да се унапреди здравствената заштита на пензионерите. Комисијата за здравство и социјална политика на Извршниот одбор континуирано ќе предлага мерки за подобрување на снабденоста со лекови, решавање на прашањето со геријатриски простор кој е во дефицит, работа на рурални амбуланти и аптеки, упорно барање за изградба на старски домови, подобрување на условите за живеење во пензионерските домови, контрола во приватните старски домови и др. Сите овие прашања ќе се бара да бидат теми на Советот за социјална сигурност на пензионерите за нивно реално остварување.
СЗПМ преку Комисијата за здравство и социјална политика поднесе и барање до Министерството за здравство за дополнување на позитивната листа на лекови, со лекови кои

најмногу ги користат пензионерите, кои се скапи и не се наоѓаат на позитивната листа. Овие активности перманентно ќе бидат следени од Сојузот.
**Рок:** Во текот на годината

## РЕГИОНАЛНИ РЕВИИ НА ПЕСНИ, МУЗИКА И ИГРИ

Значајно место во 2026 година ќе има одвивањето на традиционалните активности преку регионалните и републичките ревии на песни, музика и игри и преку други придружни активности. Тие активности секоја година се поквалитетни и го привлекуваат вниманието на јавноста по содржината, бројот на учесниците и степенот на вертикалната и хоризонталната поврзаност на здруженијата со Сојузот. Во 2026 година ќе се работи на доследна примена на правната рамка на ревиите (Правилник за ревии на песни, музика и игри) како и превентивно дејствување преку подготвителните состаноци, слободно барање од Сојузот за помош и насоки при подготовки за сценариото со кое ЗП сака да се претстави на регионалните и републичките настани на песни, музика и игри.
Во 2026 година ќе се продолжи со негување на националниот фолклор преку претставување со изворни песни кои не биле изведувани. Во 2026 ќе се пристапи внимателно при избор на ЗП за домаќин според остварената динамика на домаќини на регионалните ревии. Исто така, од значење ќе биде и програмската активност во утврдување на критериумите за настап на здруженијата на меѓународниот фестивал "Трета доба" во Љубљана.
**Според Сојузот и здруженијата би требало да биде најзначаен и најголем престиж - успешно претставување на националниот фолклор на регионалните ревии и Републичката ревија на песни, музика и игри.**
Дополнителен успех за ЗП и за Сојузот е промоција во фолклорот и преку активности кои ги организираат самите здруженија за што би требало да постои и интерактивна информација меѓу ЗП и Сојузот, бидејќи се работи за членки на Сојузот кои се претставуваат и надвор од границите на нашата држава.
**Рок:** Во текот на годината

## РЕГИОНАЛНИ И РЕПУБЛИЧКИ СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

Во текот на целата 2026 година ќе провејува спортскиот дух на пензионерскиот активизам за превенција на здравјето на пензионерот, активност што значи надминување на депресијата, анксиозноста, поврзаност и припадност на група што ја јакне сигурноста на пензионерот. Преку Комисијата за спорт и рекреација на Извршниот одбор ќе му се обезбедат сите подготовки за поквалитетни регионални и републички спортски игри. Во 2026 година како јубилејна во таа чест може да се организираат и посебни спортски игри само во некои дисциплини што ќе биде компатибилно со големиот 80-годишен ЈУБИЛЕЈ.
Во 2026 година ќе се одржи семинарот со судии за подобрување на квалитетот на спортските натпревари и донесување на судските одлуки.
Исто така, во 2026 година ќе се донесе и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за спортските игри, по претходно дадени мислења и предлози од Здруженија на пензионери.

## ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА КЛУБОВИТЕ НА ПЕНЗИОНЕРИ

Заради значењето на постоење на пензионерските клубови, повторно, во Програмата на Сојузот се планира оваа тема да биде предмет на разгледување пред органите на Сојузот. Вакво барање беше поставено и на работните средби со мислења дека пензионерските клубови треба наменски да се користат а не за непримерни активности кои најмалку одговараат на возрасните лица.

Во оваа Информација ќе биде третирана темата на пензионерските клубови од правен, економски и социолошки аспект заради согледување на проблемите со нивно основање, функционирање со кои проблеми се соочија одделни здруженија – членки на СЗПМ.
**Рок:** Второ полугодие

**СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО И РОДОВА ЕДНАКВОСТ**

Сведоци сме и на семејно насилство како во семејството од најблиските така и надвор од него. На овој план здруженијата одржуваат работилници а треба да продолжат и во 2026 година, како и да соработуваат со центрите за социјална работа.
За темата родова еднаквост целисходно и правично е да имаме родова застапеност на сите нивоа во ЗП и Сојузот.
Рок: Во текот на година

**СОГЛЕДУВАЊЕ НА ОДВИВАЊЕТО НА ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО ЗП И ВО СОЈУЗОТ**

Пред извесен период Сојузот го донесе проектот - Волонтерство кој го достави до здруженијата на пензионери. Одделни ЗП овој проект го користеа како основа за донесување свои проекти кои ги приспособија на сопствените потреби и услови. Меѓутоа, може слободно да се каже дека волонтерството сѐ уште не го зазема заслуженото место во пензионерските граѓански организации. Тоа би требало да е поттик да се изнајдат форми и начини за да се оствари волонтерството да се говори за улогата и значењето на волонтерството правејќи ги здруженијата уште покорисни општествени чинители.
На работните средби со здруженијата на пензионери како и од средбите на збратимените здруженија се побара посебно да се разгледува и дебатира само по прашањето на волонтерството, кои се причините со кои се судруваат пензионерите-волонтери, како да се димензионира волонтерството во ЗП и во Сојузот.
Рок: Во текот на годината

**ПРАВИЛНИК ЗА МЕРИЛА И КРИТЕРИУМИ ВО ДАВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ЗП**

Во изминативе години Сојузот дава материјална поддршка на здруженијата за одржување на разни културни, спортски активности како и активности кои значат учество во адаптација, изградба на клубови на пензионери и друг вид активности во интерес на корисниците на пензија.
Со цел да се исклучи целосно слободна оценка при одобрување на овие средства со оваа програма се предлага да се извршат одредени измени и дополнувања на Правилникот во кој ќе се утврдат мерила и критериуми врз основа на кои Извршниот одбор ќе ги донесува конкретните одлуки.
**Рок:** Во текот на годината

**ПРЕИСПИТУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ И ТВОРЕШТВО**

Во 2026 година ќе се преиспитаат актите за финансиска поддршка на издавачката дејност и други активности од културата како цели и дејности на Сојузот. Целта е да се унапреди оваа правна рамка како дејност од поново време во современото дејствување на СЗПМ.
**Рок:** во текот на годината

**АКТИВНОСТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА**

Со членот **11** од Статутот на Сојузот е утврдено дека Сојузот се грижи за унапредување на чистата животна средина бидејќи здравата животна околина е подеднакво важна за сите

граѓани во нашата држава. Затоа е потребно како пензионерите да се вклучуваат во активности во унапредување на еколошката свест и во конкретно дејствување на овој план.
**2025 година беше прогласена за Година на пензионерски еколошки активности со акцент дека тие активности треба да продолжат во 2026 и во наредните години**
**Рок:** Во текот на годината

**СОВЕТОДАВНА УЛОГА НА СОЈУЗОТ**

Како што е познато основна законска премиса за самостојноста на дејствувањето односно работењето на здруженијата најде место и во Статутот на Сојузот. Здруженијата самостојно ги уредуваат начинот на внатрешното организирање (ограноци) нивното основање, органите, помошните тела и друго.

Сојузот до здруженијата доставува препораки, насоки и мислења со цел правилна примена на законската регулатива и тука и во иднина импактот од ЗП е позитивен и главно истите се почитуваат. Се очекува таква соработка и во 2026 година.

Одлуки од задолжителен карактер Сојузот донесува само ако се решаваат заеднички значајни прашања како што е Одлуката за единствени критериуми во материјално-финансиското работење, како важен акт во користење на средствата од членарината и другите приходи во здруженијата и Сојузот.

**На работните средби беше побарано да се создаде правен основ за советодавна улога на СЗПМ кон ЗП, која ќе им користи на здруженијата на пензионери.**

**Сојузот според организационата поставеност на здруженијата, членки на Сојузот, во 2026 година во рамките на своите надлежности ќе ја објавува и советодавната улога, на барање на здруженијата.**

**ИНФОРМИРАЊЕ И ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО ВО СЗПМ**

За да се согледа натамошниот развој на информирањето потребно е да се направи согледување на досегашното информирање преку сите форми и облици кои се користени во СЗПМ. Тоа, во 2025 година, се направи на одржаната работилница со дописниците, особено во време на лажни вести и невистинито информирање со цел заштита на пензионерите како возрасна популација.

Во наредниот период се очекуваат нови рубрики, содржини, а ќе се побара и од здруженијата мислење за унапредување на весникот со нов приод и нови содржини во весникот „Пензионер плус”, развој на информирањето и во ЗП. Во 2026 година ќе се интензивира соработката со ТВ-емисијата „Трета доба“ на МТВ со проактивна улога на ЗП за учество во оваа пензионерска емисија, и развој на други форми и начини на информирање на пензионерите.
**Рок:** Во текот на годината

**Скопје, 2025 година** **Извршен одбор на СЗПМ**